РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
BORDI PËR AKREDITIM I ARSIMIT TË LARTË

Бр.-Nr. 08-262/4
14.07.2026 год.-vit

Врз основа на член 48 став (2) точка 6, член 149 став (2) од Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.178/21, 58/24 и 124/25), Одборот за акредитација на високото образование на Република Северна Македонија, на својата 65-та седница одржана на 19.06.2026 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

за акредитација на студиската програма „Ветеринарна медицина", од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС), на Факултет за ветеринарна медицина при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје

1. Се акредитира студиската програма „Ветеринарна медицина", од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС), на Факултет за ветеринарна медицина при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје, согласно Законот за високо образование* („Службен весник на Република Македонија" бр.82/18), Правилникот за стандардите и нормативите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 249/22, 4/23 и 97/24) и Уредбата за утврдување на научно-истражувачките полиња од трето ниво (области) („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 91/2024).

2. Акредитација за студиската програма од точка 1 на ова решение е за период од пет студиски години, почнувајќи од студиската 2026/2027 година.

3. По завршување на студиите на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 180 ЕКТС кредити и се стекнува со академски назив: Доктор на науки по Ветеринарна медицина/во меѓународен промет академски назив: Doctor of Sciences in Veterinary Medicine (dr.sc., PhD) (на англиски јазик).

Научно - истражувачко подрачје: 4 Земјоделски и ветеринарни науки; Научно – истражувачко поле: 4.03 Ветеринарни науки , Научно – истражувачка област: 4.03.00.01 Анатомија на животни 4.03.00.02 Биофизика 4.03.00.03 Физиологија 4.03.00.04 Хистологија со ембриологија 4.03.00.05 Микробиологија и имунологија 4.03.00.06 Молекуларна биологија 4.03.00.07 Патолошка морфологија и судска ветеринарна медицина 4.03.00.08 Патолошка физиологија 4.03.00.09 Болести на преживни животни 4.03.00.10 Болести на непреживни и мали животни 4.03.00.11 Болести на живина 4.03.00.12 Болести на риби, пчели и дивеч 4.03.00.13 Фармакологија и токсикологија 4.03.00.14 Паразитни болести 4.03.00.15 Заразни болести со епидемиологија 4.03.00.16 Радиобиологија 4.03.00.17 Хирургија, офталмологија и ортопедија 4.03.00.18 Рентгенологија и физикална терапија 4.03.00.19 Репродукција на животни 4.03.00.20 Терапија и здравствена заштита на животни 4.03.00.21 Зоохигиена и заштита на животна средина 4.03.00.22 Безбедност на храна и ветеринарно јавно здравство 4.03.00.23 Исхрана – диететика 4.03.00.24 Управно ветеринарство 4.03.00.25 Историја и етика, деонтологија во ветеринарната медицина 4.03.00.26 Хемија во ветеринарната медицина 4.03.00.27 Одгледување и наследни болести кај животните 4.03.00.28 Друго.

4. Акредитирани ментори за докторски студии на студиската програма се: проф. д-р Тони Довенски, проф. д-р Владимир Петков, проф. д-р Дине Митров, проф. д-р Влатко Илиески, проф. д-р Велимир Стојковски, проф. д-р Павле Секуловски, проф. д-р Пламен Тројачанец, проф. д-р Зехра Хајрулаи Муслиу, проф. д-р Ромел Велев, проф. д-р Игор Улчар, проф. д-р Лазо Пендовски, проф. д-р Јована Стефановска, проф. д-р Александар Додовски, проф. д-р Славчо Мреношки, проф. д-р Искра Цветковиќ, проф. д-р Ирена Целеска, проф. д-р Кирил Крстевски, проф. д-р Игор Цацовски, проф. д-р Трпе Ристоски, проф. д-р Александар Цветковиќ, проф. д-р Елена Атанаскова-Петров, проф. д-р Мирослав Ќосевски, проф. д-р Мартин Николовски, проф. д-р Флорина Поповска Перчиниќ.

5. Менторот на докторски студии од точка 1 на ова решение може истовремено да биде ментор на најмногу три докторанти кои кај него ќе се обучуваат за научна работа и за изработка на докторски труд.

6. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

По претходно донесената Одлука бр. 02-142/16 од 30.01.2026 година од страна на Сенатот на универзитетот, за усвојување на студиската програма „Ветеринарна медицина", трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС), на Факултет за ветеринарна медицина при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје, до Агенцијата за квалитет во високото образование, односно до Одборот за акредитација на високото образование, достави барање со нивен бр. 03-95/4 од 29.01.2026 година (наш бр. 08 – 262/1 од 30.01.2026 година) за прифаќање на елаборат, односно за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација на високото образование, на 49-та седницата одржана на 13.02.2026 година, формира стручна комисија за разгледување на барањето за акредитација со придружната документација и подготвување на извештај по однос на барањето и документацијата.

Врз основа на позитивната оценка содржана во извештајот на стручната комисија, бр.08 – 262/6 од 03.07.2026 година, согласно Законот за високо образование*, Правилникот за стандардите и нормативите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 249/22, 4/23 и 97/24) и Уредбата за утврдување на научно-истражувачките полиња од трето ниво (области) („Службен весник на Република Северна Македонија“бр. 91/2024) и Правилник за методологијата, стандардите и постапката за акредитација на високообразовните установи и за акредитација на студиските програми („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.256/22), Одборот за акредитација на високото образование, на својата 65-та седница одржана на 19.06.2026 година, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Правна поука: Решението за акредитација на студиска програма е конечно и против него може да се поднесе тужба до Управниот суд.

Претседател на Одборот за акредитација на високото образование
Проф. д-р Зоран Марков